METAMORPHOSIS
Foundation for Internet and Society

Фондација Метаморфозис - Скопје
Foundation Metamorphosis - Skopje
Бр. 01-851/3
31.12.2019 год.
СКОПЈЕ

# Политика на интегритет

Врз основа на Кодексот на однесување на „Метаморфозис“, Управниот одбор на Фондацијата ја усвои оваа политика на интегритет која почива на следниве принципи:

## ИНТЕГРИТЕТ

### 1. Непрофитна

*a. НЕ ЗА ПРОФИТ*

Фондацијата „Метаморфозис“ е организирана и работи како непрофитна организација. Секој вишок кој е создаден преку сопственото работење ќе се користи само за да ѝ се помогне на Фондацијата да ги исполни својата мисија и цели. Ниту еден дел од нето заработката на Фондацијата нема да се употребува во корист на лицата кои го сочинуваат Управниот одбор, директорите, членовите или вработените на Фондацијата или кои било други приватни лица. Сепак, ваквата заработка може да се искористи за разумна компензација за услуги кои ѝ се дадени на Фондацијата.

*b. ТРГОВИЈА ИЛИ БИЗНИС*

Примарна цел на Фондацијата „Метаморфозис“ нема да биде водење трговија или бизнис, неповрзани со нејзината мисија и цели.

*c. ИНСТРУМЕНТ НА ВЛАДЕЕЊЕ*

Управниот одбор на „Метаморфозис“ ќе ја спречи Фондацијата да не се врши дистрибуција на профит или други добра во корист на индивидуи и за време на работењето и при евентуално згаснување.

### 2. Невладина

*a. НЕВЛАДИНА*

Фондацијата „Метаморфозис“ не е дел, ниту е контролирана од влада или владина агенција.

*b. ПОЛИТИЧКИ НЕЗАВИСНА*

Како непартиска и невладина организација, Фондацијата „Метаморфозис“ ќе одржува независност и нема да се поврзува или припојува кон која било политичка партија, но може да дели заедничка политичка или законодавна кауза во границите на својата мисија, наведените цели и правната структура.

Напорите за застапување на „Метаморфозис“ може да вклучат непартиски активности поврзани со избори. Но, нејзините ресурси не можат да се користат за партиски политички активности, вклучително и поддржување или спротивставување на политичка партија или организација и поддржување или спротивставување на кандидати за јавна функција.

*c. НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА*

Фондацијата „Метаморфозис“ нема да делува како инструмент на владина надворешна политика, туку ќе делува независно од владите. Фондацијата нема да има за цел да спроведува политика на која било влада, освен ако истата не се совпаѓа со мисијата на Фондацијата или со сопствената независна политика на Фондацијата.

### 3. Организирана

„Метаморфозис“ ги спроведува своите активности во согласност со својот статут, овој документ и правната и институционалната рамка на Македонија и земјите во кои работи.

## 2. Документи на организацијата

- Мисија
- Статут на Фондацијата „Метаморфозис“ (подзаконски акти)
- Организациска структура на Фондацијата

## 3. Правни признанија

„Метаморфозис“ е невладина организација - Фондација, регистрирана според Законот за здруженија и фондации на Република Македонија.

## 4. Независна и самостојно управувана

*a. НЕЗАВИСНА*

Фондацијата „Метаморфозис“ е независна. Нејзините политики, визија и активности не се утврдени од ниту една профитна корпорација, донатор, влада, владин функционер, политичка партија или друга невладина организација.

*b. САМОСТОЈНО УПРАВУВАНА*

Фондацијата „Метаморфозис“ е автономна во своето управување согласно својот Статут и е опремена за контрола на сопствените активности.

## 5. Волонтерски акции

*ПРИДОНЕСИ ОД ВОЛОНТЕРИ*

За да ја оствари својата мисија и цели, Фондацијата ќе има значајни придонеси од волонтери. Тука може да спаѓаат и целни групи и поддржувачи.